Уп. Бр.08-110/2024

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од страна на МЕСНА ИНДУСТРИЈА БРАЌА ПИВАЦ д.о.о., со регистрирано седиште на Вргорац (Град Вргорац) Тежачка 13, Хрватска, преку Огнен Мартинов, Адвокат од Скопје, на седницата одржана на ден 21.08.2024 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата со која МЕСНА ИНДУСТРИЈА БРАЌА ПИВАЦ д.о.о., со регистрирано седиште на Вргорац (Град Вргорац) Тежачка 13, Хрватска, стекнува целосна контрола над ЦМ Инвест ГмбХ, со регистрирано седиште на Кошатштрасе 38 9020 Клагенфурт на Вертерзе, Австрија, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата  за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на 25.07.2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено

известување за концентрација од страна на МЕСНА ИНДУСТРИЈА БРАЌА ПИВАЦ д.о.о., со регистрирано седиште на Вргорац (Град Вргорац) Тежачка 13, Хрватска, со која МЕСНА ИНДУСТРИЈА БРАЌА ПИВАЦ д.о.о ќе стекне целосна контрола над ЦМ Инвест ГмбХ, со регистрирано седиште на Кошатштрасе 38 9020 Клагенфурт на Вертерзе, Австрија. По пат на планираната трансакција, ПИВАЦ планира да стекне единствена контрола со стекнување на XXX[1] од ЦМ Инвест ГмбХ со можност потоа да ги стекне преостанатите XXX.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, и прилозите кон истото, го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**МЕСНА ИНДУСТРИЈА БРАЌА ПИВАЦ д.о.о.** е компанија активна во дејностите на производство и преработка на месо, трговија, услуги, туризам, угостителско-туристичка агенција. Друштвото воглавно се занимава со производство и продажба на месо и оваа активност се реализира директно преку МЕСНА ИНДУСТРИЈА БРАЌА ПИВАЦ д.о.о., но и преку поврзаната компанија П П К карловачка месна индустрија д.д. и Вајда д.д. Чаковец каде ПИВАЦ поседува 100% акции. Преку својата ќерка фирма Краш прехрамбена индустрија д.д., подносителот исто така се занимава со производство и продажба на кондиторски производи. ПИВАЦ, исто така, ја поседува СОЛ туризам д.о.о., компанија која се занимава со туристички активности во Хрватска како и неколку други помали компании.

Во Република Северна Македонија, подносителот на концентрацијата е присутен преку друштвото :

- Крашкомерц КРАШ ДООЕЛ - Скопје со седиште на Ул. Даме Груев бр. 3, Скопје кое има регистрирана основна дејност – издавање и управување со сопствен недвижен имот или недвижен имот земен под закуп (лизинг).

**ЦМ Инвест ГмбХ** е холдинг компанија основана во Австрија со главна деловна активност - управување со компании. Друштвото има 100% удел во Целјске меснине д.о.о., месна индустрија основана во Словенија, која се занимава со производство и продажба на месо. Фирмите ќерки на Целјске меснине д.о.о се занимаваат со следните дејности:

- Пршутарна С' Краса д.о.о – производство на пршута и слични производи;

[1] Информациите преставуваат деловна тајна

- Целјске месніне сторитве д.о.о. - обезбедување услуги на мајката компанија, како што се пакување месо и месни производи;
- Целјске месниne з дежеле д.о.о. Загреб и Цељске месниne з дежеле д.о.о. Белград – дистрибуција на месо, првенствено во Хрватска и Србија.

ЦМ Инвест ГмбХ нема поврзани правни лица во Република Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.
Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ана Николоска**